# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО



| „Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово Тел. 423-505 Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска | Година LXVIII Број 2 Куманово 8 февруари 2023 г. | Претплата за 2023 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939 |
|---|---|---|



**57.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за доделување на парична помош од Буџетот на Општина Куманово за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија**

1. Се објавува Одлуката за доделување на парична помош од Буџетот на Општина Куманово за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија, Бр. 09 - 1301/3, што Советот на Општина Куманово ја донесе на вонредната седница одржана на 07 февруари 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-1347/1
7 февруари 2023 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**58.**

Врз основа на член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово‘‘ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21) и член 21 став 1 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Куманово за 2023 година („Службен гласник на Општина Куманово‘‘ бр. 16/22), Советот на Општина Куманово, на вонредната седница одржана на 07 февруари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на парична помош од Буџетот на Општина Куманово за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија**

Член 1

Од средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2023 година, од Програмата АОО – Совет на Општина Куманово, ставката 413 – Тековни резерви (разновидни расходи), да се исплатат парични средства во износ од 1.000.000 денари, со намена - помош за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија кој се случи на 06 февруари 2023 година.

Средствата во износ од 1.000.000 денари ќе бидат распоредени по 500.000 денари на двете држави.

Член 2

За реализација на член 1 од оваа Одлука се задолжува Градоначалникот на Општина Куманово да спроведе уплата на наведените средства на жиро – сметки кои ќе бидат добиени од официјалните дипломатски претставништва на двете држави.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово‘‘.

Бр. 09 – 1301/3
7 февруари 2023 година
Куманово

Совет на ОпштинаКуманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**СОДРЖИНА**

**57.** Заклучок за објавување на Одлука за доделување на парична помош од Буџетот на Општина Куманово за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија.................................................................. 45

**58.** Одлука за доделување на парична помош од Буџетот на Општина Куманово за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија.............................................. 45